УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ”
СКОПЈЕ
Бул. Гоце Делчев 9а 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. ___________________________

___________________________

Скопје

Врз основа на член 110, а во врска со член 28 од Законот за високото образование (Сл. весник 82/2018), член 98 од Правилникот за услови, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на својата триесетта редовна седница одржана на 20.3.2019 година донесе

# О Д Л У К А

## за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на првиот циклус (додипломски студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ)

### Предмет на уредување

**Член 1**

Предмет на уредување на оваа Одлука се правилата за студирање на студиските програми на првиот циклус (додипломски студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (во понатамошниот текст – Факултетот).

Одлуката за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на првиот циклус (додипломски студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (правила за студирање) е уредена во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за услови, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Право на пријавување и право на запишување на прв циклус студии

**Член 2**

На прв циклус студии можат да се пријават и да се запишат:

- државјани на РСМ кои средното образование го завршиле во Република Македонија;

- државјани на РСМ кои дел од средното образование завршиле во странство;

- иселеници и државјани на РСМ кои целокупното образование го завршиле во странство;

- странски државјани кои средното образование го завршиле во странство;

- странски државјани кои средното образование го завршиле во Република Северна Македонија;

- државјани на РСМ со завршени циклуси на високото образование на високообразовни установи во Република Северна Македонија и во странство;

- странски државјани со завршени циклуси на високото образование на високообразовни установи во Република Северна Македонија и во странство;

-други лица согласно со закон и/или конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Лицата од став 1, алинеи 2 и 3 се запишуваат со плаќање партиципација или школарина согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Лицата од став 1, алинеи 4, 5 и 6 се запишуваат како странски државјани со плаќање школарина за странци согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии. Странските државјани ја плаќаат школарината за странци во текот на целото школување, освен ако не е поинаку регулирано со закон, меѓународен/билатерален договор или друг акт. Доколку во текот на студирањето лицето стекне државјанство на РСМ, студирањето го продолжува со плаќање школарина за државјани на РСМ во износ кој важи на денот на поднесувањето на барањето од страна на студентот. Студентот правото да студира како државјанин на РСМ го остварува од денот на поднесувањето на барањето, доколку биде одобрено.

Студентот кој има отпуст од државјанство на Република Северна Македонија, студирањето го продолжува како странски државјанин со плаќање школарина за странци во износ кој важи на денот на поднесувањето на барањето од страна на студентот.

Доколку студентот од став 4 на овој член не пријави дека добил отпуст од државјанство на РМ, Факултетот е должен по службена должност да го префрли да студира како странец.

Студентот се стекнува со статус на студент странски државјанин на денот на правосилноста на решението издадено од надлежен орган во РСМ.

Доколку студентот од став 4 на овој член го заврши образованието, Факултетот има право по судски пат да бара студентот да ги надомести трошоците за студирање во износ на школарина за странски државјани.

Лицата кои образованието или дел од образованието го стекнале во странство, должни се да доставaт документ од надлежен орган во Република Северна Македонија за признавање на стекнатото образование во странство со еквиваленција на оценките.

**Услови за запишување на прв циклус студии**

**Член 3**

На прв циклус студии можат да се запишат лица кои положиле државна матура или меѓународна матура или кои завршиле четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

Наставно-научниот совет одлучува кои средношколски програми се соодветни за запишување на студиите од прв циклус.

На студиите на кои е предвидено да се полага приемен испит, освен условите од ставовите 1 и 2 на овој член, кандидатите треба да го положат и приемниот испит.

Предметите на приемниот испит, начинот на испитување и начинот на оценување се уредуваат со акт на Наставно-научниот совет или го определуваат наставниците од соодветната област/студиска програма за која се изведува приемниот испит.

Факултетот може со студиските програми за прв циклус кои ги организира да утврди посебни услови за запишување. Овие услови се составен дел на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Странските државјани доставуваат доказ, утврден со конкурсот за запишување студенти, за познавање на јазикот на кој се изведува студиската програма.

**Постапка за запишување на прв циклус студии**
**Конкурс за запишување**

**Член 4**

Запишувањето на прв циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс.

Конкурсот од ставот 1 на овој член ги содржи:

- името на Универзитетот и неговата адреса;
- името на Факултетот;
- називот на студиската програма;
- местото на изведување на студиската програма;
- времетраењето на студиите;
- условите за запишување, утврдени со акт на Универзитетот и Факултетот;
- бројот на слободни места за запишување;
- критериумите за селекција;
- претходното завршено образование;
- постапките и роковите за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите;
- висината на партиципацијата и школарината;
- електронското поштенско сандаче на Факултетот;
- други одредби.

Универзитетот го донесува и го објавува конкурсот од став 1 на овој член.

Конкурсот се објавува на македонски јазик.

За студиските програми што се акредитирани на англиски јазик, конкурсот се објавува и со превод на англиски јазик.

**Пријава за конкурирање**

**Член 5**

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на студии и електронска пријава од универзитетскиот систем до денот утврден во конкурсот.

Во пријавата од став 1 од овој член, кандидатот мора да назначи за која студиска програма конкурира и дали конкурира за редовен или вонреден студент.

Покрај пријавата од став 1 од овој член, кандидатот е должен да ги приложи сите документи во оригинал во роковите утврдени во конкурсот.

**Селекција на кандидатите**

**Член 6**

Универзитетот со конкурсот ги утврдува условите и постапката за селекција на кандидатите на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса,

боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

**Универзитетска конкурсна комисија**

**Член 7**

За следење на реализацијата на конкурсот на ниво на Универзитет, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.

Составот, правата, обрските и надлежностите на Универзитетската конкурсна комисија се регулирани во член 10 од Правилникот за услови, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на првиот циклус (додипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Мислењата на Универзитетската конкурсна комисија се задолжителни за Факултетот.

**Конкурсна комисија на Факултетот**

**Член 8**

Факултетот е должен да формира своја конкурсна комисија, пред објавувањето на конкурсот за запишување нови студенти.

Членовите на конкурсната комисија ги избира Наставно-научниот совет на Факултетот, од редот на наставниците. Со комисијата раководи продеканот за настава.

Конкурсната комисија од став 1 на овој член е составена од најмногу 7 члена.

Конкурсната комисија се грижи за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во конкурсот за запишување студенти.

Конкурсната комисија одлучува по приговорите на кандидатите.

Конкурсната комисија на Факултетот е должна тековно да доставува податоци за текот на постапката за пријавување, селекција и запишување нови студенти до Универзитетската конкурсна комисија. Податоците се доставуваат на начин кој ќе го утврди Универзитетската конкурсна комисија.

Конкурсната комисија на Факултетот има обврска да подготви извештај за резултатите од запишувањето, кој го доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Право на приговор**

**Член 9**

Кандидатот кој не е задоволен од резултатот добиен со селекција на кандидатите, согласно со конкурсните услови, има право на приговор до Конкурсната комисија на Факултетот.Приговорот се доставува во рок од 24 часа од објавувањето на резултатот од селекцијата.

Резултатот од став 2 на овој член се објавува на огласна табла и на веб-страницата на Факултетот, при што се наведува времето на објавување.

Комисијата е должна да одлучи по приговорот на кандидатот во рок од 24 часа од неговото поднесување.

Одлуката на Конкурсната комисија на Факултетот од став 4 на овој член е конечна. Против одлуката од став 4 на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Запишување**

**Член 10**

По конечноста на постапката за селекција на пријавените кандидати, тие стекнуваат право на упис во прва година на студии во согласност со условите и критериумите утврдени во Конкурсот за запишување студенти, а според постигнатите поени во процесот на селекција.

Кандидатот кој остварил право на запишување, но во предвидениот (огласениот) рок не извршил запишување, го губи правото на запишување, а правото за запишување го стекнува следниот кандидат на ранг-листата кој претходно не заземал место во рамките на одобрената квота за запишување студенти.

При запишувањето, студентите потпишуваат договор за студирање.

Студентите запишани на студиските програми што се изведуваат на англиски јазик можат да потпишат договор на англиски јазик.

Договорот од став 2 на овој член го потпишуваат деканот на Факултетот и студентот.

Со исполнување на обврските на студентот предвидени за запишување, а утврдени со конкурсот за запишување студенти и со оваа Одлука (Правила на студирање), на студентот му се издава индекс.

Статусот студент се докажува со индекс. Студентот има активен статус на студент само ако има запишано тековен зимски/летен семестар.

**Редовен и вонреден студент**

**Член 11**

Студентите, по правило, се запишуваат со статус на редовен студент.

Доколку е предвидено со студиската програма, студентот има право да се запише како вонреден студент.

Како вонреден студент може да се запише лице кое:

- е вработено, за што приложува соодветен документ со кој се докажува вработувањето;
- е работно ангажирано на друг начин, за што приложува соодветен документ со кој се докажува ангажираноста;
- поради здравствени причини не е во состојба континуирано да ја следи наставата, вежбите и др. согласно со студиската програма, за што приложува соодветен документ со кој се докажува неговата здравствена состојба;
- родител на дете до една година, за што приложува соодветен документ;
- се отселило во странство;
- и други оправдани случаи.

**Премин од редовен во вонреден студент и премин од вонреден во редовен студент**

**Член 12**

Во текот на студирањето, доколку со студиската програма е утврдена можност за вонредно студирање, редовниот студент има право да го продолжи студирањето како вонреден студент, со плаќање школарина.

Вонредниот студент има право да го продолжи студирањето како редовен студент со плаќање школарина.

Премините од ставовите 1 и 2 од овој член се вршат во роковите за заверка, односно запишување на семестар.

**Услови за премин од редовен во вонреден студент**

**Член 13**

Студентот може да премине од редовен во вонреден студент само во случаите утврдени во член 14 од оваа Одлука.

**Услови за премин од вонреден во редовен студент**

**Член 14**

Студентот може да премине од вонреден во редовен студент доколку престанале причините за студирање како вонреден студент и е во согласност со прописите за бројот на студенти во групи за настава, вежби и сл.

**Студент гостин**

**Член 15**

Студент гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и од странство кој запишува делови од студиска програма на Факултетот.

Статусот на студент гостин трае најдолго една академска година.

Правата и обврските на студентот гостин, износот на трошоците за студирањето, можноста за продолжување на студиите на Факултетот и други прашања поврзани со статусот на студентот гостин се уредуваат со *Правилникот за единствениот кредит-трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот* и договор склучен помеѓу студентот гостин и Факултетот.

**Студент на мобилност**

**Член 16**

Студент на мобилност може да биде редовен или вонреден студент на Факултетот кој запишува делови од студиската програма на универзитет во странство, најдолго една академска година.

Студентот на мобилност пред аплицирањето и запишувањето на предмети на странскиот универзитет, е должен да го има регулирано статусот на студент, односно запишано тековниот семестар.

Пред аплицирањето и запишувањето на предмети на странскиот универзитет, студентот на мобилност е должен да приложи предметна програма за предметот/предметите на странскиот универзитет за да добие потврда/согласност од координаторот и предметниот наставник на еквивалентниот предмет на Факултетот заради потврдување на компатибилност на предметот на странскиот универзитет со предметот на студиската програма на која студира студентот на Факултетот од најмалку 80 %.

По завршувањето на мобилноста, студентот до Факултетот доставува договор за учење и транскрипт на оценки и барање за пренесување на кредитите и оценката/оценките. За извршеното пренесување на оценката/оценките и кредитите за положениот/положените испит/испити се изготвува решение, врз основа на кое се запишуваат во индексот и во е-досието на студентот пренесените кредити, односно

оценки.

Запишувањето во индексот и е-досието на студентот ги вршат референтите во Одделението за студентски прашања.

Освоените кредити од испитите положени со мобилност се признаваат во соодветниот семестар како што се предвидени во студиската програма.

Правата и обврските на студентот на мобилност, износот на трошоците за студирањето, продолжувањето на студиите на Факултетот и други прашања поврзани со статусот на студентот на мобилност се уредуваат со *Правилникот за единствениот кредит-трансфер систем и меѓународните програми за мобилност на Универзитетот*.

**Партиципација и школарина**

**Член 17**

Редовните студенти на првиот циклус студии се запишуваат со плаќање партиципација (квота со партиципација) или со плаќање школарина (квота со школарина), согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Вонредните студенти на првиот циклус студии се запишуваат со плаќање школарина, согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

**Ослободување од плаќање партиципација**

**Член 18**

Факултетот нема да наплатува партиципација за:

-лица без родители до 26 годишна возраст доколку се невработени;

-лица со инвалидност, согласно со уредбата на Валадата по предлог на Националниот совет;

-воени инвалиди

-лица растени во домови за напуштени деца доколку се невработени и

-други лица утврдени со уредбата на Валадата по предлог на Националниот совет.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на РМ.

**Премин на студентот од квота со партиципација во квота со школарина**

**Член 19**

Студент запишан во квота со партиципација го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако:

- еден предмет запишува по трет пат;
- не освоил најмалку 50 % од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен)
- доколку прекинот трае 3 и повеќе последователни семестри.

**СТУДИРАЊЕ**

**Траење, почеток и завршување на студиските програми, студиските години и семестрите**

**Член 20**

Студиската година почнува на 1октомври, а завршува на 30 септември следната година.

Студиите на сите студиски програми траат осум семестри.

Наставата се организира во два семестри – зимски и летен.

Наставно-научниот совет на Факултетот најмалку 3 месеци пред почетокот на наредната академска година донесува работен календар кој ги содржи термините за почетокот и за крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, колоквиумските недели, испитните сесии, термините за запишување семестар и година, државните и универзитетските празници и го објавува на веб-страницата на Факултетот.

**Изведување настава**

**Член 21**

Наставата се изведува преку:

- предавања;
- вежби;
- консултации;
- семинарски работи, домашни задачи, проекти, практика, теренска настава, клиничка настава, курсеви и сл.

**Член 22**

Предавањата претставуваат вид на настава со која се реализира предметната програма и студентот стекнува теоретски знаења кои му овозможуваат следење на практичната настава (вежби). Со предавањата се обезбедува синтетизиран преглед на содржините од предметната програма. Во текот на предавањата на студентите можат да им бидат презентирани и дополнителни содржини и најнови сознанија од областа кои се во функција на совладување на делови од предметната програма. За овие содржини на студентот му се обезбедува соодветна дополнителна литература.

Предавањата од став 1 на овој член ги изведуваат наставници избрани во наставно-научно звање.

Наставниците се должни предавањата да ги реализираат согласно со предметната програма која е дел од студиската програма.

Дел од предавањата може да се изведуваат преку клиничка настава од страна на истакнат стручњак од практиката од соодветната област.

Изборот на истакнатиот стручњак од практиката го врши наставно-научниот совет на предлог од комисија што ја формира за да го спроведе процесот на евалуација на кандидатот/ите.

Во наставно-образовниот процес можат да се вклучат и визитинг-професори од странство и странски лектори, родени говорители.

Како помошници во наставно-образовниот процес можат да се избираат и демонстратори, на начин и во постапка утврдена во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

**Член 23**

Наставата може да се одвива и во виртуелно окружување за учење и подучување (е-учење).

Ако е предвидено во предметната програма, во наставно-образовниот процес можат да се вклучат предавања од домашни и странски универзитети со помош на аудиовизуелни и други електронски помагала.

**Член 24**

Вежбите претставуваат дел од наставно-образовниот процес во кој студентите совладуваат практични искуства во согласност со предавањата од предметната програма.

Лицето ангажирано да ги изведува вежбите е должно на студентот активно да му објаснува, нагледно да му помага и да работи со него во текот на изведувањето на вежбите.

Наставниците ангажирани за изведување на наставата по дадена предметна програма се одговорни за подготовката на вежбите.

**Член 25**

Консултациите претставуваат дел од наставно-образовниот процес, со што на студентот му се овозможува да се разјаснат одредени делови од предметните програми преку непосреден контакт со наставниците и соработниците заради полесно совладување на содржините од предметната програма.

**Член 26**

Секој наставник и соработник е должен да одржува консултации со студентите четири часа седмично.

Терминот за одржување на консултации се објавува на почетокот на учебната година на веб-страницата на единицата.

Отсуството во терминот за консултациите, наставникот го најавува.

**Член 27**

Семинарските работи, домашните задачи и есеите се изработуваат од страна на студентот како самостојни трудови со користење на литература предложена од наставникот.

Проектните задачи студентот ги изработува како индивидуална зададена задача или групна задача на неколку студенти.

Теренската настава се изведува кога тоа е предвидено во предметната програма.

**Член 28**

Распоредот на наставата се објавува пред почетокот на семестарот на веб-страницата на единицата.

**Редовност на студентите на настава**

**Член 29**

Редовните студенти се должни да ги посетуваат, односно да ги извршуваат сите облици на настава утврдени со предметната програма, за што може да се добијат соодветен број поени.

Евиденцијата за присуство и за активности на час се изразува во поени како што е предвидено со предметната програма.

На студент кој оправдано изостанал од кој било дел од наставата, на негово барање може да му се овозможи изостанатиот дел да го надомести преку консултации со предметниот професор.

**Статус на наставните предмети**

**Член 30**

Во зависност од степенот на обврзноста, наставните предмети се задолжителни или изборни.

**Член 31**

Студентот е должен да ги запише и успешно да ги совлада сите задолжителни и изборни предмети што ја дефинираат струката - насоката од студиската програма на која се запишал студентот.

**Член 32**

Студентот е должен во секој семестар да ги запише сите задолжителни наставни предмети утврдени со студиската програма за тој семестар, ако го исполнил условот за нивно запишување од став 2 на овој член.

Доколку повеќе задолжителни наставни предмети се делови на една иста меѓусебно поврзана целина, која се изучува во повеќе семестри, студентот го запишува и наставниот предмет од следниот семестар, но само до два последователни предмети. Но може да го полага само ако успешно го совладал наставниот предмет од претходниот семестар.

Секое поинакво постапување на студентот подлежи на дисциплинска одговорност.

**Член 33**

Изборните наставни предмети студентот ги запишува во зависност од сопствениот план за напредување во студиите.

**Член 34**

Доколку изборните наставни предмети што ја дефинираат струката - насоката се делови на една иста меѓусебно поврзана целина, која се изучува во повеќе семестри, а студентот го запишал изборниот наставен предмет кој е прв дел на таа целина, должен е да ги запише и успешно да ги совлада сите изборни наставни предмети кои се делови на таа целина.

Доколку повеќе изборни наставни предмети се делови на една иста меѓусебно поврзана целина која се изучува во повеќе семестри, студентот го запишува наставниот предмет од следниот семестар, но само до два последователни предмети. Но може да го полага само ако успешно го совладал наставниот предмет од претходниот семестар.

Секое поинакво постапување на студентот подлежи на дисциплинска одговорност.

**Член 35**

Студентот е должен успешно да ги совлада запишаните изборни наставни предмети.

**Член 36**

Задолжителните и изборните наставни предмети се утврдени со студиската програма на која е запишан студентот.

**Напредување на студентот**

**Член 37**

Студентите напредуваат во студиите преку полагање на испити за предвидени предмети/модули и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма.

Студенти во еден семестар запишуваат минимум 30, а максимум 35 ЕКТС-кредити.

Одредбата од став 2 на овој член не се применува за запишување на семестар каде што се предвидени условувачки критериуми, односно претходно совладани предмети.

На особено успешните студенти (со просечен успех од 8,5) може да им се дозволи запишување до 40 ЕКТС-кредити, но запишуваат предмети од студсиската програма на која се запишани, а со цел за побрзо напредување во текот на студиите.

**Запишување семестар**

**Член 38**

Студентот може да запише нови предмети од нареден семестар, во согласност со правилата за напредување утврдени во соодветната студиска програма.

Запишувањето на предметните програми во нареден семестар се врши пред почетокот на соодветниот семестар.

Ако студентот ги има положено испитите од зимскиот семестар и треба да запише, односно да презапише само предмети од летниот семестар, запишува празен зимски семестар и обратно.

**Член 39**

При запишувањето на предметите, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветните (зимски/летен) семестри, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на ЕКТС-кредити утврден со оваа Одлука.

Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските и предметните програми за зимскиот семестар.

Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските и предметните програми за летниот семестар.

**Член 40**

При запишувањето на предметите, потребно е да се исполнат условите утврдени со студиските програми.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.

**Член 41**

Студентот кој од разни причини не извршил заверка, односно не запишал семестар не може да ги остварува правата кои му произлегуваат од статусот студент.

Доколку студент со нерегулиран статус полагал испити/колоквиуми истите во дисциплинска постапка му се поништуваат.

**Измена на студиската програма**

**Член 42**

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиска програма, студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на нови студиски програми.

**Заверка на семестар**

**Член 43**

Студентот заверува предмети од семестарот ако има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.

Студент кој има повеќе од три отсуства од настава не може да добие потпис од предметните наставници.

Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит во првата наредна испитна сесија за тој семестар.

Доколку студент кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, полагал испити/колоквиуми истите во дисциплинска постапка му се поништуваат.

Заверката на предметите од семестарот се врши во термини што ги објавува Факултетот на веб-страница.

**Предмет на оценување**

**Член 44**

Предмет на оценување во рамките на предметната програма можат да бидат:

- успешно совладани содржини на студиската програма;
- колоквиуми;
- вежби/практична работа/ теренска настава;
- семинарска работа;
- домашна работа;
- проекти;
- курсеви;
- есеи;
- други активности предвидени со предметната програма.

**Континуирано оценување**

**Член 45**

Стекнатите знаења на студентите се проверуваат и се оценуваат континуирано – во текот на наставата и се изразуваат во поени.

Со студиската програма може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

Поените се добиваат за:

-редовна посетеност на настава;

-активност на час;

-колоквиуми;

-други активности определени од предметниот наставник.

-за вонредните студенти, (студенти кои не ги положиле колоквиумите) краен испит: 0-100 поени.

**Член 46**

За успешен колоквиум се смета оној во кој студентот ќе освои минимум 51% од предвидениот број поени. Со успешно положени предвидени колоквиуми и исполнети обврски студентот се ослободува од испитот, но испитот се пријавува во тековната сесија.

Доколку студентот не се јави на колоквиумите или не ги положи предвидените колоквиуми, тогаш задолжително полага испит во тековната сесија.

**Испити**
**Календар и распоред на испитите**

**Член 47**

Календарот на испитите се објавува на почетокот на секоја учебна година заедно со распоредот за настава и се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Распоредот на термините за одржување на испитите се утврдува на тој начин што бројот на испитните термини за секој предмет/модул во секој испитен рок да може да ги опфати сите студенти кои имаат право да го полагаат тој предмет/модул.

**Пријава за испит**

**Член 48**

Студентите кои уредно го/ги запишале семестрите ги пријавуваат испитите по предметите кои ги запишале во соодветниот семестар и тоа без разлика дали испитите ги положиле со континуирано оценување или на завршен испит.

Студентот го пријавува испитот по писмен и електронски пат. Електронското пријавување на испитот се врши преку системот Iknow во кој се води електронското досие на студентот. По писмен пат, испитот се пријавува со пријавен лист-пријава која се заверува во Одделението за студентски прашања во определените рокови. Пријавниот лист претставува документ чијашто содржина и форма се утврдени од Универзитетот и се еднообразни за сите факултети во состав на Универзитетот.

По електронско пријавување на испитот, студентот е должен дополнително да достави пријава за испит во материјална форма.

Во редовниот испитен рок, студентот е должен да го пријави испитот во определените рокови.

Наставникот не смее да прими на испит студент, кој не е заведен во листата на пријавени студенти за испит, и кој нема да му предаде заверена пријава за испит за соодветниот испитен рок на денот на одржување на испитот.

**Член 49**

Студентот може да пристапи на испит со документ за идентификација и индекс.

**Испитни рокови**

**Член 50**

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на: зимскиот, летниот и есенскиот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку 3 недели. За секој предмет во секој испитен рок може да се даваат два термина. Разликата меѓу двата термина не може да биде помала од 10 дена.

**Изведување на испит**

**Член 51**

Проверката на знаењата на студентите се врши со изведување испити.

Испитите се изведуваат по писмен и/или устен начин, како и на друг начин утврден со студиската програма.

Право да полага испит има студентот кој ги исполнил сите обврски пропишани со соодветната предметна програма.

**Член 52**

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок наставни содржини.

Ако е предвидено со студиската програма, оценка од испит може да се формира и од поените од колоквиумите.

Кога студентот ќе пријави испит и нема да се јави на испитот, односно не полагал, во пријавата за испит му се впишува: *не полагал* и не му се засметува во правото за полагање пред комисија.

**Јавност на испитот**

**Член 53**

Испитите се изведуваат во присуство на јавноста.

Не смеат да се изведуваат испити за само еден студент без присуство на други лица (студент, асистент, друг наставник).

Наставникот е должен да му го соопшти постигнатиот резултат од усниот испит на студентот веднаш по завршувањето на испитот.

Право на увид во испитната документација има студентот.

**Објавување резултати од испитот**

**Член 54**

Оценките кои студентите ги добиле во проверката на нивните знаења се објавуваат на јавно место (огласна табла, веб-страницата на Факултетот), во рок од 7 работни дена од спроведената проверка, односно од денот на полагањето на испитот.

Наставниците се должни, по барање на студентот, да обезбедат увид во прегледаниот труд и добиената оценка, во рок од 2 работни дена од објавувањето на резултатите.

**Приговор заради оценка од проверка на знаењето**

**Член 55**

Ако не е задоволен од резултатите од испитот, или од дел од испитот, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со актите на Факултетот кои ја регулираат оваа материја, студентот во рок од 3 работни дена од денот на објавувањето на резултатите, може да поднесе приговор до предметниот наставник.

Приговорот до предметниот наставник студентот го доставува во писмена форма во Архивата на Факултетот со податоци за предметот, кај кој наставник го полагал испитот, точен датум на објавување на резултатите од испитот и причината поради која го поднесува приговорот.

Службата со допис веднаш го доставува приговорот до предметниот наставник.

Ако наставникот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, должен е да ја преиспита оценката од резултатите од испитот или дел од испитот во рок од 7 работни дена од поднесувањето на прговорот од став 1 на овој член.

Наставникот може да ја потврди оценката што ја утврдил или да ја преиначи.

Потврдувањето, односно преиначувањето на оценката наставникот го запишува на пријавата со назнака: „се потврдува добиената оценка----“ или „се преиначува добиената оценка ---- во оценка ------“ и се потпишува на констатираното, става датум и со краток извештај ја доставува во Архивата на Факултетот.

Студентот има право да го повлече приговорот.

**Комисиско полагање на испит**

**Член 56**

Ако наставникот двапати, последователно го оцени испитот на студентот со оценка „5“, студентот има право да побара од деканот да формира трочлена комисија од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје пред која студентот ќе го полага испитот. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата.

Барањето за комисиско полагање со податоци за предметот, наставникот кај кого го полагал испитот и термини на претходните две полагање студентот го доставува во Одделението за студентски прашања пред наредната испитна сесија. Референтот по проверка на исполнетоста на условите за комисиско полагање заедно со пријавите од претходните полагања барањето го доставува во Архивата на Факултетот.

Доколку се исполнети условите од став 1 на овој член деканот со решение формира трочлена комисија од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје пред која студентот ќе го полага испитот.

**Пренесување на надлежности за спроведување на испити**

**Член 57**

Во случај на спреченост на предметниот наставник, деканот може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испитите по конкретниот предмет на друг наставник од иста или сродна струка, или, пак, на комисијата за спроведување на испит.

Во ваков случај раководителот на катедрата е должен писмено да го извести деканот за настанатата состојба и да предложи друг наставник од иста или сродна струка, или пак комисија за спроведување на испит.

**Завршно оценување**

**Член 58**

Со завршното оценување се пресметуваат постигањата на студентот во текот на континуираното оценување, испитите и други активности кои се предмет на оценување, а се предвидени со предметната програма.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се спроведуваат за сите предмети кои студентот ги запишал.

Конечната оценка се утврдува на завршното оценување или на испитот во редовната испитна сесија.

Конечната оценка е резултат на завршното оценување или на испитот, во зависност како е утврдено со студиската програма.

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

**Член 59**

За исполнување на обврските од предметната програма, студентот добива одреден број на поени, и може да оствари најмногу 100.

Оценувањето може да биде квантитативно и квалитативно.

Конечната оценка се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Конечната оценка за соодветна предметна програма може да биде изразена и квалитативно, како дополнение на квантитативните изрази.

Оценувањето може да биде преку писмени и/или усни испити или на друг начин утврден во студиската програма.

Пропорцијата помеѓу обемот на континуираното оценување, испитот и другите активности кои се предмет на оценување во завршното оценување ја определува Факултетот/ е определена со студиските програми.

Преку континуираното оценување, студентот се оценува за секоја активност пропишана во соодветната предметна програма, преку: кредитните поени, процентот на оптовареност или индексните единици.

Положен испит е услов да се стекне потребниот број кредити пропишан со предметната програма.

**Обврски на наставникот**

**Член 60**

Наставникот е должен да го отстрани студентот од проверката на знаења, односно од полагање на испитот доколку оцени дека студентот недолично се однесува, ги попречува другите студенти или користи недозволиви помагала.

Во случаите од став 1 на овој член, наставникот е должен да покрене дисциплинска постапка.

**Евиденција**

**Член 61**

Наставникот е должен да ги внесе оценките во електронскиот систем и во пријавите за испит, во рок од 5 (пет) работни дена од конечноста на оценката и во овој рок да ги достави до службата за студентски прашања заедно со извештајот за завршното оценување.

Извештајот од став 1 на овој член содржи:

- испитен рок, односно сесија, датум на одржување на испитот;
- назив на предметот;
- лично име на наставникот;
- список на студентите (со име и презиме), добиена оценка со бројка и букви;
- податок за бројот на студентите кои полагале (заклучно со бр. ____);
- потпис на наставникот.

Извештајот се чува во материјална форма, укоричен за секоја учебна година, и во електронска форма. Извештајот е од трајна вредност и се чува во службата за студентски прашања.

Материјалите од континуираното оценување и испитите (тестовите) во материјална форма се чуваат кај предметниот наставник една година.

**Соодветство на системот на оценување**

**Член 62**

Нумеричкиот систем за оценување се соодветствува на системот на оценување според ЕКТС.

| | | процентуален приказ |
|---|---|---|
| 10 => A | A => 10 | 91%-100% |
| 9 => B | B => 9 | 81%-90% |
| 8 => C | C => 8 | 71%-80% |
| 7 => D | D => 7 | 61%-70% |
| 6 => E | E => 6 | 51%-60% |
| 5 => F | F, FX => 5 | до50% |

**Просечен успех**

**Член 63**

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и дипломскиот труд.

**Презапишување предмети**

**Член 64**

Студент кој во 3-те испитни рока не го положил испитот, истиот предмет го презапишува во наредната академска година во соодветниот семестар.

**Повторување на испит**

**Член 65**

На студентот, по негово барање, му се овозможува да го повтори испитот за повисока конечна оценка по предметот, во период од најмногу четири месеци од полагањето.

Барањето за повторено полагање се доставува до деканот на Факултетот.

Доколку се исполнети условите од став 1 на овој член, деканот со решение ја поништува оценката. Решението е составен дел на пријавата.

Референтот од Одделението за студентски прашања во индексот на студентот и на пријавата запишува дека *студентот ја поништува оценката со решение бр.------ од ------- година.*

За повтореното полагање, студентот го пријавува испитот во првата наредна испитна сесија по правосилноста на решението и поднесува нова пријава и добиената оценка од повтореното полагање се запишува во новата пријава.

Оценката добиена на повтореното полагање е конечна и студентот нема право на повторно полагање.

**Запишување предмети од други студиски**
**програми надвор од предметите предвидени во студиската програма**

**Член 66**

По положувањето на сите предмети предвидени со студиската програма, пред одбраната на дипломската работа студентот има право да запише најмногу 5 предмети од

друга студиска програма на Факултетот  или на студиска програма од друг факултет за кои го сноси трошоците за запишување на предметите со школарина.

Барањето за запишување се поднесува во рок од 15 дена од датумот на положениот последен испит, а запишувањето се врши при запишување на зимскиот, односно летниот семестар.

Студентот е должен да достави индекс во кој ќе се евидентираат личните податоци на студентот и избраните предмети.

Студентот е должен избраните предмети да ги положи во трите последователни сесии.

Студентот нема право на презапишување на предметите од став 1 на овој член.

За пријавувањето и полагањето на овие предмети важат членовите 51-58 од оваа Одлука.

Евиденцијата за запишаните предмети од други студиски програми и докумнетацијата кон неа се водат кон студентското досие.

На овие студенти им се издава потврда за положени предмети од други студиски програми и е дел од додатокот на дипломата.

**Судир на интереси**

**Член 67**

Во случаите кога предметниот наставник и студентот се во роднинска врска: син, ќерка, снаа, зет, брат, сестра, сопруга или сопруг, наставникот е должен да се изземе при полагањето на предметната програма, односно испит, и за тоа да го извести деканот.

Деканот спроведувањето на испитот го доверува на друг наставник од исто или сродно наставно-научно подрачје или на посебна компетентна испитна комисија, составена од три члена.

**Дипломска работа**

**Член 68**

Дипломирањето на студентите на студиската програма на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје е условено со пријава, подготовка и јавна одбрана на дипломскиот труд.

**Член 69**

Дипломскиот труд е завршен испит и има рамноправен третман, како и другите предмети предвидени со студиската програма.

**Член 70**

Пишаниот дипломски труд претставува самостојна работа на студентот која покажува дека тој методолошки правилно ги обработува теориските и практичните проблеми, како и дека владее со основните методи на истражувачката работа, при што самостојно ползува литература.

Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од јавна презентација на трудот од страна на кандидатот, при што тој може да користи опрема што е во функција на појасно презентирање на трудот, како и со одговарање на прашања поставени од страна на Комисијата во врска со проблематиката што е предмет на трудот.

**Член 71**

Дипломскиот труд се пријавува од наставно-научната област што се изучува на Факултетот и се работи под менторство на наставник.

Ментор е наставник со наставно-научно звање (редовен професор, вонреден професор и доцент), кој ја предава предметната програма што ја покрива наставно-научната област од која е земен дипломскиот труд.

Ментор може да биде само наставник со наставно-научно звање (редовен професор, вонреден професор и доцент), избран и вработен на Факултетот.

**Член 72**

Право за пријава на дипломски труд студентот стекнува доколку има освоено 200 ЕКТС-кредити (запишано VIII семестар), а право на одбрана стекнува откако ќе ги положи сите предвидени предмети/модули и ќе ги исполни сите свои обврски според студиската програма.

Студентот е должен во рок од 15 дена од наредниот ден на последниот положен испит, односно по освоени 235/240 ЕКТС-кредити (положени сите испити) да пријави дипломски труд.

**Член 73**

Во текот на една учебна година еден наставник со наставно-научно звање (редовен професор, вонреден професор и доцент) може да биде ментор на најмногу 20 дипломски трудови, а по исклучок кога нема доволно наставници со наставно-научно звање (редовен професор, вонреден професор и доцент) може да биде ментор и на повеќе од 20 дипломски трудови.

**Член 74**

Студентот може да избере тема за изработка на дипломски труд од потесната област која се изучува во текот на студиите од прв циклус на студиската група во соработка со предметниот професор (менторот), од редот на задолжителните и изборните предмети што го дефинираат профилот од вториот изборен модул, односно насока.

Студентот може да побара промена на темата за изработка на дипломскиот труд или промена на менторот за изработка на дипломскиот труд со образложено барање кое го разгледува и одобрува продеканот за настава во консултација со раководителот на катедрата.

**Член 75**

Студентот пријавува тема за изработка на дипломски труд на посебен формулар (пријава) во три примерока (примерок за студентот, за досието на студентот и за Катедрата), потпишани од менторот, кои се доставуваат до Одделението за студентски прашања. Одделението за студентски прашања, по проверка на исполнетоста на условите во согласност со чл. 39 од овие Правила, ја препраќа пријавата до Катедрата (менторот).

**Член 76**

Доставените пријави се разгледуваат и се одобруваат на состанок на Катедрата на кој се формира и Комисија за оценување и одбрана.

**Член 77**

Комисијата за оценување се состои од три члена. Менторот е прв член на Комисијата, а другите членови се наставници, виши лектори, лектори или соработници од наставно-научната област од која е темата.

Во составот на Комисијата може да има најмногу 1 (еден) соработник.

**Член 78**

Примерок од одобрената пријава и предлог за составот на Комисијата се доставува до Деканот, по што се изработува Решение кое се доставува до кандидатот, во Одделението за студентски прашања и до членовите на Комисијата. Решението до членовите на Комисијата се доставува скенирано по електронска пошта.

**Член 79**

Образецот за пријавување на дипломскиот труд и елементите што задолжително ги содржи дипломскиот труд се објавени на веб страницата на Факултетот како шаблон во електронска форма кој може да се пополнува.

Образецот за пријавување на дипломскиот труд и елементите што задолжително ги содржи дипломскиот труд се составен дел на оваа Одлука.

**Член 80**

Дипломскиот труд се пишува и се брани на македонски јазик, односно на јазикот на кој се изведува студиската програма со резиме на македонски јазик.

Изработувањето на пријавениот дипломски труд, доколку студентот го пријавил со освоени 200 кредити не може да биде подолго од 90 дена од датумот на положувањето на последниот испит.

Доколку студентот го пријавил дипломскиот труд со освоени 235/240 кредити, односно по положување на сите испити, изработувањето на пријавениот дипломски труд не може да биде подолго од 90 дена, сметано од денот на заверката на Решението за одобрување на пријавената тема за изработка на дипломскиот труд и формирањето на Комисијата.

За оние студенти кои имаат пријавено тема за изработка на дипломски труд на кои во периодот за изработка е опфатен периодот од 15 јули до 15 август, тој период не се засметува во времето за изработка на дипломскиот труд.

На образложено барање од студентот, продеканот за настава може да го продолжи овој рок, но не подолго од 6 (шест) месеци.

**Член 81**

Студентот го предава трудот во 4 (четири) печатени примероци и примерок во електронска форма (ЦД).

По проверка на досието на студентот за исполнетоста на обврските на студентот во однос на обврските од студиската програма и финансиските обврски, Одделението за студентски прашања ги доставува трудовите до членовите на Комисијата, а еден примерок останува во студентското досие. Електронскиот примерок од дипломскиот труд се чува во библиотеките на Катедрите.

**Член 82**

Комисијата има должност во рок од 45 работни дена по приемот на трудот да го прегледа и да го оцени.

Комисијата има право да го врати дипломскиот труд на доработка и да му определи рок во кој студентот треба да го доработи трудот.

Доколку заедничката оценка на Комисијата е позитивна, менторот во договор со членовите на комисијата и со кандидатот закажува термин за јавна одбрана на трудот.

Негативната оценка за предадениот изработен труд, Комисијата по писмен пат со образложение ја доставува до студентот. Дипломскиот труд што е негативно оценет не може да се брани.

**Член 83**

Комисијата од член 80 од оваа Одлука по одбраната на дипломскиот труд, го оценува дипломскиот труд со оценка од 5 до 10 и ЕКТС-оценка.

Комисијата јавно ја објавува донесената оценка по завршената одбрана.

Комисијата одлучува со мнозинство на гласови. Доколку еден од членовите на комисијата има спротивно мислење, тој е должен да достави свој извештај до деканот.

Оценката и ЕКТС-оценката се внесуваат во записникот од одбраната, во пријавата за дипломската работа и индексот на студентот во семестарот во кој последно е запишан дипломскиот труд.

Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

По одбраната, записникот од одбрната, пријавата за дипломската работа со насловот на темата, составот на членовите на комисијата и оценката од дипломската работа се доставуваат во Одделението за студентски прашања.

Образецот на записникот од одбраната е составен дел на оваа Одлука.

**Член 84**

Оценката од завршното оценување на дипломскиот труд влегува во просекот на студирање на дипломираниот студент како оценка од еден испит.

**Член 85**

Одбраната на дипломскиот труд е јавна и е пред комисија во полн состав. Во случај на спреченост на член на Комисијата да присуствува на закажаната одбрана, продеканот за настава на предлог од менторот одобрува замена за отсутниот член.

Бројот на кредити на успешно одбранетиот дипломски труд е определен со студиските програми.

**Член 86**

Во случај кога за дипломската работа е добиена оценка 5, се применуваат одредбите за комисиско полагање.

**Член 87**

Се смета дека студентот дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје доколку ги освои потребните кредити по соодветната студиска програма и успешно го одбрани дипломскиот труд/завршниот испит.

Студентот кој не го одбранил дипломскиот труд во текот на една академска година должен е да го регулира својот статус со запишување на обврската за дипломски труд.

Датумот на одбраната на дипломскиот труд се смета за датум на дипломирање.

**Завршување на студиите**

**Член 88**

Студентот ги завршил студиите од прв циклус кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани дипломска работа. Со завршувањето на студиите од прв циклус, студентот се стекнува со 240/245 ЕКТС-кредити.

На студентот може да му се признаат и кредити од посетувани вонкурикуларни курсеви и семинари организирани од страна на Факултетот или други високообразовни институции во земјата и странство, доколку е утврдено со студиската програма. Максималниот број на кредити што студентот може да ги освои по овој основ изнесува 2% од вкупниот број на кредити од студиската програма.

Признавањето го вршат предметните професори само за предмети што се во рамките на студиската програма. Доколку нема можност овие вонкурикуларни курсеви и семинари да се признаат согласно студискат програма таа активност на студентот се внесува во додатокот на диплома.

Со завршувањето на студиите во согласност со овој член, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права согласно со посебните прописи.

**Рокови за завршување на студиите**

**Член 89**

Студентите од прв циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во период што е двапати подолг од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма под услови и рокови утврдени со одлука на Деканатската управа на Факултетот.

Доколку по истекот на рокот од став 1 на овој член студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите под услови и рокови утврдени со одлука на Деканатската управа на Факултетот. Признавањето на стекнатите кредити го вршат предметните професори.

**Уверение, диплома и додаток на дипломата**

**Член 90**

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма му се издава уверение, кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Уверението го потпишува деканот на Факултетот.

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма за добивање високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него, Универзитетот му издава диплома.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус и се стекнува со соодветен стручен назив.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата (Diploma Supplement).

Дипломата ја потпишуваат ректорот и деканот.

Додатокот на дипломата го потпишува деканот.

Дипломата се заверува со сув печат на Универзитетот.

Уверението и дипломата се јавни исправи.

**Промоција**

**Член 91**

Промоцијата претставува свечено врачување на дипломите за завршени студии.

Деканот ги врачува дипломите од првиот циклус студии.

## ДРУГИ ПРАВА НА СТУДЕНТИТЕ

**Посебни поволности**

**Член 92**

Студентите на сите степени на високо образование, кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните, имаат право на дополнителни испитни рокови.

За остварување на ова право студентот е должен да достави барање со соодветна документација за докажување на основот според кој сака да го оствари ова свое право.

**Мирување на обврските на студентот**

**Член 93**

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

1. за време на бременост;
2. на студент со дете до 1 (една) година старост;
3. за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
4. поради семејни причини;

-издржување на лица од потесното семејство-родителите, браќата и сестрите;

-болест, помош и нега на лица од потесното семејство-родителите, браќата и сестрите;

-елементарни непогоди поврзани со живеалиштето, односно престојувалиштето на студентот;

5. за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржувањето на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС-кредити;
6. за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на Република СевернаМакедонија;
7. неможност за исполнување на финансиските обврски;
8. во други случаи.

За мирување на обврските од ставот 1 од овој член, студентот поднесува писмено барање и доставува соодветна документација.

Доколку за време на мирувањето на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 15 дена по престанокот на причините за мирување.

Студентот кој ги ставил студиите во мирување, а мирувањето не е прекинато до почетокот на наредната учебна година, должен е на почетокот на учебната година и секоја наредна учебна година да го продолжи мирувањето.

Доколку студентот не постапи согласно со став 6 од овој член, се смета дека ги прекинал студиите.

За времетраењето на мирувањето на обврските, студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

**Продолжување на прекинатите студии**

**Член 94**

Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.

Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно школарина.

Студентот ги продолжува студиите со плаќање школарина доколку прекинот трае 3 и повеќе последователни семестри.

**Член 95**

Студентите кои ги прекинале студиите, а студиските програми по кои се запишале се згаснати, можат да ги продолжат студиите кои ги прекинале по активните студиски програми.

Студентот е должен да достави образложено барање со докази, кое го разгледува и одобрува деканот.

Запишувањето на овие студенти се врши во рамки на роковите утврдени за упис и заверка на година во работниот календар.

**Член 96**

Наставните предмети кои се успешно совладани на студиската програма на која студентот студирал можат да се признаат за успешно совладани и на студиската програма на која студентот го продолжува студирањето. Признавањето го вршат предметните наставници.

По извршеното признавање се изготвува решение врз основа на кое се внесуваат признатите предмети како исполнети обврски од студиската прорама во индексот на студентот. Решението се чува во студентското досие.

По извршеното признавање на совладаните предмети студентот го продолжува студирањето, односно ги полага предметите кои му преостануваат од студиската програма на која го продолжува студирањето.

**Премин од едни на други студии**

**Премин на студиски програми во рамки на Факултетот**

**Член 97**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Факултетот, како и на студиска програма на друг факултет, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на факултетот.

**Член 98**

Наставните предмети кои се успешно совладани на студиската програма од која студентот преминува можат да се признаат за успешно совладани и на студиската програма на која студентот преминува. Признавањето го вршат предметните наставници. По извршеното признавање се изготвува решение врз основа на кое се внесуваат признатите предмети како исполнети обврски од студиската прорама во индексот на студентот. Решението се чува во студентското досие.

Во зависност од бројот на освоени кредити студентот го продолжува студирањето на соодветниот семестар, односно година.

**Член 99**

За преминот од една на друга студиска програма студентот е должен да достави образложено писмено барање до деканот на факултетот најдоцна 20 (дваесет) дена пред почетокот на зимскиот семестар.

**Член 100**

Студентот самостојно ги сноси трошоците за преминување од една на друга студиска програма и трошоците за школување на студиската програма на која преминал во квотата со школарина.

**Премин од други високообразовни установи**

**Член 101**

Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата и од странство можат да преминат на студиски програми на Факултетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на Факултетот, ако постои совпаѓање на студиските програми за стекнување на стручниот, односно академскиот назив утврден во студиската програма на која се преминува.

На студентот кој бара преминување може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Преминувањето може да се дозволи доколку студентот на Факултетот реализира најмалку 60 % од предвидените кредити од студиската програма. Во спротивно, доколку студентот е согласен, должен е да презапише и веќе признаени или дополнителни предмети.

Единицата може да утврди од кои предмети кредитите не можат да се пренесуваат.

За преминот од една на друга студиска програма студентот е должен да достави образложено писмено барање до деканот на факултетот најдоцна 20 (дваесет) дена пред почетокот на зимскиот семестар.

**Член 102**

Покрај другите услови, студентот кој сака да премине од еден на друг факултет, односно од една на друга студиска програма треба да ги исполнува и следниве услови:

1. да ги исполнува условите за редовно запишување во нареден семестар на матичниот факултет;

2. да има решение од надлежен орган во Република Северна Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство (за студенти кои студирале во странство) со еквиваленција за оценките;
3. да знае македонски јазик (за странски државјани), односно јазикот на кој се изведува наставата.

**Член 103**

Бројот на студенти кои можат да преминат го утврдува деканатската управа на почетокот на секоја учебна година, во зависност од нормативите и стандардите и пополнетоста на капацитетите.

Студенти кои се странски државјани, како и студенти државјани на РСМ кои студираат на странски универзитети, стекнуваат право на премин под истите услови како и македонските државјани врз основа на посебните квоти за странски државјани.

**Член 104**

Ако повеќе кандидати ги исполнуваат условите за преминување од утврдениот број, предност имаат кандидатите кои имаат остварен повисок просечен успех на факултетот, односно на универзитетот од каде што доаѓаат.

**Член 105**

Преминувањето се врши врз основа на решение за признавање на остварени кредити со еквиваленција на предмети и кредити.

Решение за преминување донесува деканот по предлог на предметниот наставник, односно предметните наставници.

Деканот може да формира и комисија, односно комисии за утврдување на исполнетоста на условите за преминувањето.

Положените испити со изворниот наслов, оценки и остварени кредити на матичниот факултет и признаени со решението од став 2 на овој член, заедно со решението за еквиваленција, се евидентираат во досието на студентот. Во уверението за положени испити се внесуваат називите на еквивалентираните предмети и кредити од единицата на која преминал студентот.

Во случај на делумно признавање, студентот е должен да го запише предметот и да ги оствари обврските за делот што не му се признава. Крајната оценка претставува аритметичка средина од двете оценки и се запишува бројот на кредити по тој предмет на единицата на која студентот преминува.

За студентите кои преминуваат од странски универзитети, покрај изворните оценки, се запишува и еквиваленцијата на оценки утврдена со решение на надлежен орган во Република Северна Македонија.

**Член 106**

Студентот кој преминува е должен да се запише до завршување на уписниот рок.

**Член 107**

Студентот кој преминува ги продолжува студиите со плаќање школарина.

**Престанок и обновување на статусот на студент**

**Член 108**

На студентот му престанува статусот на студент во следниве случаи:

1. ако дипломира;
2. ако не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и оваа Одлука-Правила;
3. ако се испише;
4. ако е исклучен.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со статутот на единицата, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот.

По обновување на статусот, студентот може да ги продолжи студиите по студиската програма која се применува.

Доколку е изменета студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во студиската програма.

На студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите согласно со оваа Одлука, односно правилата за студирање, а во согласност со правилата за студирање на Универзитетот.

На студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите со плаќање школарина.

**Паралелно студирање**

**Член 109**

Студентот може да студира на две студиски програми од прв циклус студии истовремено (паралелно студирање), на една или повеќе високообразовни установи, доколку е предвидено со студиската програма и доколку не влијае на исполнувањето на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.

Правото на паралелно студирање може да го оствари:

- при запишување во прва година, со тоа што поднесува пријава за запишување на двете студиски програми;
- со запишување во наредна учебна година.

Студентите од став 1 на овој член се запишуваат надвор од квотите, и тоа најмногу 10 на студиска програма.

Студентот потпишува договор со кој ги регулираат меѓусебните права и обврски.

Студентот кој студира паралелно плаќа школарина на единицата на која се изјаснува дека студира паралелно, односно се запишал подоцна.

**Доквалификација**

**Член 110**

Студент по дипломирањето, паралелно во текот на студирањето, како и студент од друга високообразовна установа може да избере и да запише пакет предмети од студиските програми кои се нудат на Факултетот.

Со завршувањето на пакетот предмети се стекнуваат дополнителни кредити во зависност од студиската и предметна програма и се добива дополнително уверение за положени испити по запишување на дел од студиска програма.

**Дисциплинска одговорност на студентот**

**Член 111**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските студентите подлежат на дисциплинска одговорност во постапка во согласност со одредбите од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Остварување и заштита на правата на студентите**

**Член 112**

За остварување на правата на студентот одлучува деканот, односно продеканот за настава по овластување на деканот.

Барањето за остварување на своите права студентот го поднесува до деканот, во писмена форма, придружено со соодветна документација.

Деканот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Доколку деканот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до Деканатската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Против решението на деканот, кога одлучувал деканот, студентот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Деканатската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Решението на Деканатската управа е конечно.

Во име и за сметка на студентот, барањата за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице кое поднесува изјава дека настапува во име и за сметка на студентот.

Во случај на отсуство на Деканот, го заменува продеканот за настава за прашањата во врска со остварувањето и заштитата на правата на студентите.

**Член 113**

Барањата за издавање управни и реални акти, согласно со Законот за општа и управна постапка, односно барањата за остварување заштита на правата и правните интереси на студентите подлежат на административна такса, согласно со Законот за административни такси.

Барањата за издавање уверенија и оригинал-дипломи за завршени студии, пријавите за испит и обрасците за запишување и за заверка на семестар не подлежат на административна такса.

**Право на увид во испитната документација и студентското досие**

**Член 114**

Право на увид во испитната документација има само студентот.

Право на увид во студентското досие има студентот, негов родител, старател или лице овластено од нив со писмено овластување дадено на нотар.

Студентот при запишувањето пополнува изјава за правото на увид на лицата од став 2 од овој член. Изјавата важи за текот на целокупното студирање.

**Издавање потврди**

**Член 115**

За издавање потврди, барањето се доставува до референтот во Одделението за студентски прашања.

Потврдите ги потпишува и ги издава референтот во Одделението за студентски прашања.

**Начин на комуникација**

**Член 116**

Комуникацијата помеѓу Факултетот и студентот се врши во писмена или електронска форма.

Кога комуникацијата се врши во писмена форма, доставата помеѓу Факултетот и студентот се врши преку Архивата на Факултетот.

Кога комуникацијата се врши во електронска форма, доставата помеѓу Факултетот и студентот се врши преку електронските сандачиња на Факултетот и на студентот.

**Надоместоци**

**Член 117**

Надоместоците што ги плаќаат студентите надвор од партиципацијата, односно школарината се утврдуваат со посебен Анекс на Правилникот за услови, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 118**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од академската 2019/2020 година.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска